ФИБЕР ЛАСЕР

RK-153FL-PRO (TC)

Фибер ласерот претставува технологија на најбрз и најсовремен начин на сечење метал без дополнителна обработка. Брзината на сечење е неспоредливо поголема во споредба со другите технологии, што значително ја зголемува ефикасноста и продуктивноста во производството. Покрај сечење на лимови, машината е опремена и со систем за сечење профили (цевки и конструкции), со автоматско центрирање кое овозможува прецизно позиционирање и обработка на различни форми како квадратни, кружни и конструкциски профили. Опремена е со MAX ласерски извор, RAYTOOLS ласерска глава, CYPCUT контролен систем, FUJI серво мотори, индустриски чилер за ладење, систем за вентилација и стабилизатор на напон – комбинација од врвни компоненти за стабилна работа, висока прецизност и конзистентен квалитет.
Најдобра конфигурација за најдобри резултати и максимална искористеност во индустриско производство.

КАДЕ СЕ КОРИСТИ

Фибер ласерот е идеален за сечење челик, инокс, алуминиум, бакар, месинг и други материјали. Се користи во различни индустрии како изработка на огради, декоративни елементи, конструкции, урбана опрема, машински делови, вентилација и многу повеќе.

Работна површина	1500 × 3000 mm
Опционална работна површина	2000 × 4000 mm
Моќност на ласер	1500W
Опционална моќност на ласер	3000W, 4000W, 6000W
Тип на мотори за движење	Серво мотор
Моќност на мотор на Y-оска	850W
Моќност на мотор на X-оска	750W
Моќност на мотор на Z-оска	400W
Тип на ласерски извор	Max
Тип на ласерска глава	Raytools
Точност на позиционирање	±0.05 mm/m
Точност на повторно позиционирање	±0.02 mm
Брзина на обработка	0–30 m/min
Брзина на движење	0–100 m/min
Максимална носивост на конструкцијата	700 kg
Макс. дебелина на сечење 1500W	12–16 mm
Макс. дебелина на сечење 3000W	16–20 mm
Макс. дебелина на сечење 4000W	18–22 mm
Макс. дебелина на сечење 6000W	20–25 mm
Оперативен систем	Cypcut
Вентилација	Вклучена
Чилер за ладење	Вклучен
Стабилизатор на напон	Вклучен
Димензии на машината	4600 × 2450 × 1700 mm
Димензии на пакување	4580 × 2250 × 1800 mm
Тежина	1800 kg

ЛАСЕРСКА ГЛАВА

Ласерска глава со автоматски фокус од брендот Raytools, водечки лидер по квалитет, издржливост и прецизност. Овозможува континуирана и стабилна работа дури и при најсложени задачи, со максимална прецизност и брзина на сечење.

ЛАСЕРСКИ ИЗВОР

Ласерски извор со 100.000 работни часови од брендот MAX, докажано еден од најиздржливите и најдолготрајните на пазарот. Обезбедува сигурна и стабилна работа, со што ја зголемува ефикасноста на целата машина.

МОЌНОСТ

Опционалната моќност на ласерот кај овој модел е 1500W, 3000W, 4000W и 6000W. Можноста за избор на различна моќност овозможува прилагодување според барањата за сечење на различни материјали и дебелини.

СЕРВО МОТОРИ СО ВИСОКА ПРЕЦИЗНОСТ

Специјално дизајнирани за високи барања и перформанси. Гарантираат прецизно позиционирање на мостот без отстапувања и грешки, со голема брзина на движење.



ИНДУСТРИСКИ ЧИЛЕР

Индустрискиот чилер има функција на ладење на течноста која се загрева при работа на ласерот. Постојано ја одржува температурата на течноста и овозможува заштита и непречена работа на ласерот.



ДВИЖЕЊЕ НА X И Y ОСКА

Движењето на оските се одвива преку линеарни водилки и запчеста летва, што е докажано најдобар и најчесто користен систем кај CNC машините. Овозможува непречена работа, низок степен на бучава и значително намалување на дополнителните оптоварувања, со што се зголемува нивната издржливост и долговечност.

КОНСТРУКЦИЈА

Масивна конструкција која обезбедува висок степен на цврстина и одлична отпорност на статички и динамички оптоварувања. Изработена е на високопрецизни CNC обработувачки центри за метал, што гарантира прецизност, квалитет и долготрајност на машината.



ЕДНА МАШИНА – ДВЕ ФУНКЦИИ

Машината овозможува сечење на лимови и на профили (цевки) на една платформа, без потреба од дополнителна опрема. Ова ја прави идеално решение за компании кои сакаат поголема флексибилност во производството со минимална инвестиција.



ПНЕВМАТСКИ СТЕГАЧ

Машината е опремена со пневматски self-centering стегач кој овозможува цврсто и прецизно фиксирање на кружни и квадратни цевки без пролизгување. Поддржува обработка на профили со различни димензии и должини, обезбедувајќи стабилност при работа и конзистентен квалитет на сечење.



АВТОМАТСКО ЦЕНТРИРАЊЕ НА ПРОФИЛИ

Во комбинација со системот за автоматско центрирање, се овозможува прецизно позиционирање на различни типови профили како H, U, L и други конструкциски форми. Ова значително ја зголемува точноста при сечење, ја намалува потребата од рачни корекции и овозможува побрза и поефикасна обработка во сериско производство.